СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЕУ ВЕСТИ

***март 2019 година***
***ЕУЦ-број 43/2019***

## ИПА III УСОГЛАСЕНА СО СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН



Инструментот за претпристапна помош ИПА III се очекува да биде постратешки и согласно со иницијативите на Стратегијата на ЕУ за Западен Балкан, оценува истражувачкиот центар на Европскиот парламент. ИПА III вклучува промена на начинот на алокација на буџетот што значи програмирање по тема и приоритет наместо по земја, зголемена флексибилност со цел да одговори на растечките потреби и поголемо влијание преку зголемена кохерентност.

Според истражувачкиот центар на ЕП, елементите со силни перформанси на ИПА II се задржани во ИПА III, се поедноставува следењето и известувањето и се даваат нови стимулации за корисниците.

Европската комисија за периодот 2021-2027 предложи да се издвојат 12,9 милијарди евра за ИПА III.

Бидејќи новата Стратегија 2025 предвидува дека некои земји (Црна Гора и Србија) би можеле да станат членки на ЕУ, се очекува зголемувањето на средствата и брзата мобилизација да биде клучно во наредниот период.

Доколку некои земји од Западен Балкан ги исполнат условите за членство, во следната деценија ќе имаат потреба од повеќе средства за постепен и непречен премин од кандидатскиот статус во членство и да овозможат развој на потребниот капацитет за апсорпција на фондовите на ЕУ.

ИПА II сè уште се спроведува и понатаму има клучна улога во приоритетните области на владеење на правото, фундаментални права и миграции, подобра безбедносна соработка, борбата против радикализацијата и организираниот криминал, миграциските политики, политиките на ЕУ, социоекономскиот развој, инвестициите, добрососедски односи, регионална и прекугранична соработка.

Анализата на ИПА II (2014-2020) покажа дека овој инструмент е релевантен и соодветен на целта и затоа ИПА III предвидува само мали промени на тековната ИПА II во однос на целите на инструментот, нивото на финансирање или аранжманите за спроведување.

ИПА инструментот беше формиран за буџетскиот период 2007-2013 година со цел подготовка на кандидатите и потенцијалните кандидати за членство во ЕУ и поддршка во усвојувањето и спроведување на потребните политички, институционални, правни, административни, социјални и економски реформи.

Актуелната агенда за проширување на ЕУ вклучува шест партнери од Западен Балкан и Турција.

Романското претседателство на ЕУ накратко ги објасни целите на програмата ИПА III, нагласувајќи дека Букурешт силно го поддржува проширувањето на Унијата. Изготвен од Европската комисија и одобрен од Европскиот парламент, министрите за надворешни работи на Европската унија на 19-ти март во Брисел го поддржаа предлогот за алокација на 14,5 милијарди евра во наредниот седумгодишен буџет на ЕУ за ИПА III.

Досега, речиси половина од претпристапната помош на ЕУ за Балканот добиваше Турција поради бројот на жители, а сега 105 милиони евра се изземени од предлогот за поддршка на Анкара, бидејќи Турција назадува во примената на вредностите и нормите на Унијата.

www.consilium.europa.eu

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| ИПА III усогласена со Стратегијата за Западен Балкан | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Еднаков дел во политиката за жените | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-6 |
| Твоја Европа, Твој глас 2019 | 7 |
| Нова рамка за проверка на странските директни инвестиции | 7 |
| Целосна имплементација на правилата за професионални квалификации | 8 |
| Формирање на Европски совет за иновации | 8 |
| Поддршка од 250 милиони евра за навики за здрава исхрана на учениците | 9 |
| 4,6 милиони хектари од површината во Европа со маслинови дрвја | 9 |
| Дигитализацијата во Естонија | 10 |
| Виенска иницијатива - 10 години подоцна | 10 |
| Франција воведува данок за глобалните технолошки гиганти | 11 |
| ЕУ календар / април 2019 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 11-14 мај 2019***

На пленарната сесија европратениците усвоија регулатива за создавање на нова база на податоци за пресудите за државјани на трети земји (ECRIS-TCN), со цел дополнување на постојниот Европски информативен систем за криминални досиеја (ECRIS), кој се користи за размена на информации за претходни пресуди за граѓаните на ЕУ.
Европската унија треба да остане отворена за наметнување дополнителни санкции доколку Русија продолжи да го крши меѓународното право. Во усвоената резолуција се нагласува дека ЕУ треба да го преиспита својот сегашен договор за партнерство и соработка (PCA) со Русија и да ја ограничи соработката на области од заеднички интерес.
Европратениците усвоија нов закон за сајбер-безбедност на ЕУ кој ја воспоставува првата шема за сертификација на сајбер-безбедноста во целата земја за да осигури дека сертифицираните производи, процеси и услуги што се продаваат во земјите на ЕУ ги задоволуваат стандардите за сајбер-безбедност.
Подобрувањето на Визниот информативен систем (VIS), одобрено од европратениците ќе обезбеди подобар одговор на ЕУ за безбедносни и миграциски предизвици. Визниот информативен систем (ВИС) е база на податоци на ЕУ што ја користат властите за проверка на државјаните кои не се членки на ЕУ за кои е потребна виза за патување во Шенген зоната.
Европскиот закон за пристапност (EAA), одобрен од Европскиот парламент има за цел да го подобри секојдневниот живот на лицата со посебни потреби и постарите лица. Подостапни за лицата со посебни потреби ќе бидат клучните производи и услуги, како што се паметни телефони, банкомати, машини за издавање билети и банкарски услуги.
Квалитетот на воздухот има огромно влијание врз здравјето, на што особено се изложени бремените жени, децата и постарите лица. Со усвоената резолуција се повикува Европската комисија да предложи воведување построги стандарди за честички PM2.5 во правилата за квалитет на воздухот на ЕУ, како што препорачува Светската здравствена организација. Европската комисија треба да ја ажурира Директивата за квалитет на амбиенталниот воздух во согласност со сегашните граници на СЗО за нивоата на честички на сулфур оксид и озон.
На барање на Европскиот парламент и Советот, Европската комисија предложи итни мерки за ублажување на ефектите од повлекувањето на Велика Британија од ЕУ без договор.
Имајќи ја предвид состојбата со човековите права и новиот турски устав, Европскиот парламент препорачува формален прекин на преговорите за пристапување во ЕУ со Турција. Европратениците изразија голема загриженост за граѓанското општество во земјата, бидејќи голем број активисти, новинари и бранители на човекови права се наоѓаат во затвор.
Европратениците усвоија резолуција со која повикаа на нови санкции за одговорните актери за груби прекршувања на човековите права во ЕУ. Новиот режим на санкции ќе ја зајакне улогата на ЕУ како глобален актер за човекови права. Слични законодавни рамки веќе постојат во САД, Канада и неколку земји на ЕУ, имено во Естонија, Латвија, Литванија и Обединетото Кралство.
Европскиот парламент одобри мерки за ублажување на ризикот од можни идни, нефункционални кредити (NPLs) кои се акумулираат поради рецесијата предизвикана од финансиската криза во 2008 година. Тие ќе помогнат да се зајакне банкарската унија, да се зачува финансиската стабилност, како и профитабилноста на банките и да се поттикне кредитирањето, кое создава работни места и раст во Европа.

***Пленарна сесија на ЕП 25-28 мај 2019***

Европратениците ги потврдија новите правила кои дозволуваат групи на потрошувачи да започнат колективни дејства и да бараат надомест како резултат на повреда настаната од нелегални практики.
Европскиот парламент одобри нови правила со цел создавање на европски пазар за електрична енергија кој ќе биде почист, поконкурентен и подостапен за справување со ризиците.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Европратениците усвоија четири нови закони за пазарот на електрична енергија на ЕУ, за што дадоа согласност министрите на ЕУ кон крајот на 2018 година, со што практично се заклучува пакетот „Чиста енергија за сите Европејци“.

Со новите правила за авторски права кои содржат и заштитни мерки за слободата на изразување, креаторите и издавачите на вести ќе бидат овластени да преговараат со интернет гигантите. Усвоената директива има за цел да обезбеди дека правата и обврските кои произлегуваат од Законот за авторски права се применуваат и на интернет. ЈуТјуб, Фејсбук и Гугл њус се дел од компаниите кои ќе бидат најдиректно засегнати.

Европратениците дадоа поддршка за предлогот на Комисијата, за ставање крај на сезонските промени во времето, но гласаа за одложување на датумот од 2019 до 2021 година. Земјите на ЕУ и Комисијата треба да ги координираат одлуките со цел да се обезбеди дека примената на летното сметање на времето во некои земји и зимското во други не доведува до нарушување на внатрешниот пазар.

На пленарната сесија ЕП одобри нови правила за подобра заштита на потрошувачите при купување производи преку интернет, во локална продавница, преземање музика или игри преку интернет.

Европратениците истакнаа дека европското финансирање на надворешните активности треба да ги поддржи развојните, климатските и еколошките цели и да ја промовира демократијата, владеењето на правото и човековите права.

Одобрен е новиот закон за забрана на пластични предмети за еднократна употреба, како што се прибор за јадење, цевчиња и памучни стапчиња.

Европратениците усвоија нови правила за финансирање со цел зајакнување на економската, социјалната и територијалната кохезија на ЕУ кои ќе се применуваат од 2021 до 2027 година и ќе ги опфатат сите региони, со посебен фокус на помалку развиените заедници, урбаните области и најоддалечените региони.



www.europarl.europa.eu

## ЕДНАКОВ ДЕЛ ВО ПОЛИТИКАТА ЗА ЖЕНИТЕ

Комитетот за родова рамноправност на помалку од два месеци пред одржување на европските избори, на 7-ми март 2019 година одржа меѓупарламентарен состанок за женската моќ во политиката. Членовите на Комитетот за правата на жените и родовата еднаквост дебатираа со повеќе од 20 национални пратеници од 15 земји-членки на ЕУ и од Норвешка на тема „Женската моќ во политиката“. Меѓу другите учесници, комесарот за правда, потрошувачи и родова еднаквост Вера Журова, шефицата за надворешна политика на ЕУ, Федерика Могерини и заменик-претседателот на Комитетот за права на жените Жоао Пимента Лопес, се заложија за зголемување на бројот на жени во процесот на донесување одлуки, се изјаснија мажите да бидат вклучени во борбата за родовата рамноправност и соодветно спроведување на постојната законска регулатива за оваа тема.

Европската комисија по повод Меѓународниот ден на жените на 8-ми март годинава објави Извештај за еднаквост помеѓу жените и мажите во ЕУ 2019.

Извештајот покажува одреден напредок во родовата еднаквост, но жените и натаму продолжуваат да се соочуваат со нееднаквости во многу области.

Во рамки на Европската комисија, постојаните напори за постигнување на целта од 40% од жените во средниот и високиот менаџмент до 2019 година, поставени од претседателот Жан-Клод Јункер, покажуваат резултати. Уделот на жени-менаџери достигна 39% на сите нивоа, 37% на повисоко ниво на менаџмент и 40% на средно ниво на управување.

Во Европскиот парламент во ноември 2018 година жените учествуваа со 36,4% од 749 членови на Европскиот парламент, малку пониско од 37,3%, постигнат на крајот на 2016 година. Финска значително се издвојува со високиот 76,9% застапеност на жените пратеници.

International Women's Day

www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА





www.sobranie.mk

По повод Ратификацијата на Протоколот на Северноатланскиот сојуз за членство на Република Северна Македонија во НАТО, претседателот на Собранието, Талат Џафери на 13 март 2019 година оствари работна посета на Романија. Претседателот на Собранието оствари билатерална средба со министерот за надворешни работи на Романија, Теодор Виорел Мелескану. На средбата министерот Мелескану изрази подготвеност Романија, како една од помладите членки во ЕУ да ги сподели искуствата и експертизата за процесот и отворање на Поглавјата за полноправно членство во ЕУ. Соговорниците се осврнаа на економската соработка преку креирање на заемен Бизнис форум и трговска размена и разговараа за унапредување на правата на малцинствата во двете земји. Претседателот Џафери имаше поздравно обраќање пред пратениците на Сенатот на Романија во кое искажа благодарност за демонстрираната посветеност, пријателство и поддршка на Романија во остварување на евроатлантската определба на нашата земја. Високи билатерални средби Џафери оствари со претседателот на Сенатот на Романија, Калин Попеску Таричану и потпретседателот на Претставничкиот дом на Парламентот на Романија, Флорин Јордаке. За време на средбите, од романска страна присуствуваше и пратеничката во романскиот парламент со македонско потекло, Маријана Венера Попеску. Работната посета претседателот Џафери ја заокружи со средбата со премиерката на Романија, Василика Виорика Данчила. На средбата Данчила истакна дека проширувањето со земјите на Западен Балкан останува приоритет за Романското претседателство со Советот на ЕУ, додека отпочнувањето на пристапните преговори со ЕУ во јуни ќе се смета за врвно

---

Претседателот на Собранието на 19 март 2019 година учествуваше на 16-та конференција на претседатели на парламенти на Јадранско - Јонската иницијатива во Будва, Црна Гора. Членки на иницијативата, формирана во 2000 година се: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Грција, Италија, Црна Гора, Србија и Словенија, а Македонија стана член во мај 2018 година. Во обраќањето Џафери ги истакна позитивните искуства од досегашните регионални конференции во организација на Собранието, како што се конференцијата посветена на младите и младинските политики и конференцијата комисиите за финансирање и буџет, посветена на парламентарната контрола врз трошењето на буџетот. Претседателите - учесници на конференцијата усвоија заедничка изјава, а со чинот претседаваше претседателот на Собранието на Црна Гора, Иван Брајовиќ.



---



На 15 март 2019 година претседателот Џафери оствари средба со Делегацијата на поткомитетот за транзиција и развој на ПС на НАТО на која ја истакна нашата подготвеност за соработка и придонес за стабилноста и безбедноста на регионот на рамноправен, ефективен и транспарентен начин. Целта на посетата на Делегацијата е изготвување на Извештај за актуелната политичка состојба на нашата земја (регионалните односи, економските реформи и односи со НАТО), кој ќе биде разгледан на есенската сесија на НАТО во Лондон.

---

Претседателот Џафери на 01 март 2019 година оствари работна посета на Собранието на Црна Гора во чии рамки присуствуваше на чинот на Ратификацијата на Протоколот на Северноатланскиот сојуз за членство на Република Северна Македонија во НАТО. Претседателот Џафери по завршување на пленарната седница оствари билатерална средба со неговиот домаќин, претседателот на Собранието на Црна Гора, Иван Брајовиќ.





На 04 март 2019 година Џафери оствари средба со амбасадорот Филип Рикер, цивилен заменик и политички советник на командантот на Европската команда на Воените сили на САД. На средбата соговорниците разменија информации за актуелните активности во Собранието поврзани пакетот реформски закони, како и за ратификациите на спогодбите со Република Бугарија и Република Грција.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Делегација на Собранието во состав: Горан Милевски, копретседавач; членовите Соња Мираковска, Жаклина Лазаревска и Шпреса Хадри; заменик-членот Мерал Узеири-Ферати и координаторот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Мицевски, учествуваше на 16 состанок на МПК - Република Северна Македонија и Европска Унија. На состанокот на МПК, пратениците од Собранието со своите колеги се задржаа на неколку аспекти на реформската агенда, и тоа за реформа на судството, борбата против организираниот криминал и корупцијата, реформата на безбедносните и разузнавачките служби, реформата на јавната администрација и човековите права и медиумите. Пратениците во Европскиот парламент го поздравија стапувањето во сила на Преспанскиот договор, како јасна определба на Република Северна Македонија да ги решава билатералните спорови преку дијалог, да ги унапредува добрососедските односи и со тоа да го отвори патот кон процесот на евроатлантско интегрирање. Во дискусиите, беа повикани и власта и опозицијата заеднички да обезбедат континуитет и фокус на реформите и видлив напредок на европскиот пат, како и за продолжување на спроведувањето на реформите поврзани со ЕУ, а беше нагласено и дека земјата е добро подготвена за преговорите за пристапување, со оглед на нејзиниот долгогодишен кандидатски статус. Од состанокот беа усвоени заеднички препораки.

---

Претседателот на Собранието г. Талат Џафери, претседателката на Комисијата за финансирање и буџет, г-ѓа Лилјана Кузмановска, Генералниот секретар на Собранието, г-ѓа Цветанка Иванова и претставници од службата на Собранието за време на студиската посета организирана од Вестминстер Фондацијата за Демократија во Единбург, Шкотска а во рамките на потпишаниот Меморандум за соработка за воспоставување на буџетска парламентарна канцеларија во Собранието оствари работна средба со претседателот на Шкотскиот Парламент, г. Кен Мекинтош. Претседателот Џафери изрази благодарност до претседателот Мекинтош за тоа што ги отворија вратите на Шкотскиот Парламент за Делегацијата од Собранието на Република Северна Македонија и овозможија одблиску да се запознае со функционирањето на буџетската канцеларија во рамките на Парламентот, да слушне од директните корисници на услугите на буџетската канцеларија, пратеници и служба, за потребата и придобивките од постоењето на таквите канцеларии. Делегацијата имаше работна средба и во Шкотскиот државен завод за ревизија, каде се информираше на непосреден начин за начинот на разгледување на ревизорските извештаи во Парламентот.



---



Заедно со потпретседателите на Собранието и координаторите на пратеничките групи, претседателот Џафери на 28 март 2019 година оствари средба со претставници на Советот на ЕУ за Западен Балкан. Целта на посетата е утврдување на фактичката состојба и подготовка на заклучоците за Советот на ЕУ во јуни годинава. На средбата Џафери информираше за постигнатите резултати во однос на реформските процеси од Планот 18, во делот на Собранието и за резултатите и видливиот напредок во односите по потпишувањето и стапувањето на сила на спогодбите со Бугарија и Грција.

---

***Проактивен пристап за објавување на информациите од јавен карактер***

Комисијата за европски прашања на 14 март 2019 година одржа јавна расправа по Предлогот на закон за слободен пристап на информации од јавен карактер. Воведно обраќање имаше заменик министерот за правда, Оливер Ристовски кој истакна дека пристапот до информации од јавен карактер е демократско начело и право на сите граѓани во современите демократии.

Целта на расправата, истакна Груби, претседател на комисијата е да се даде можност поширок круг на општествени чинители во државата да ги искажат своите мислења во насока на подобрување на текстот на законот.

На расправата беше истакната важноста на законот од аспект на слободите и правата на граѓаните за добивање информации од јавен карактер, но и од аспект на спречување и откривање на корупција од секаков вид во општеството.



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Комисијата за европски прашања на седницата одржана на 21 март 2019 година ја промовираше добиената поддршка преку компонентата за зајакнување на капацитетот на ЕУ интеграција, во рамки на проектот финансиран од Кралството Норвешка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој. Фокусот на проектот е обезбедување помош за имплементација на соодветен план за обуки на Собранието, како и експертска поддршка за унапредување на капацитетите за водење на пристапните преговори во ЕУ. Говорејќи за улогата на Комисијата како активен чинител во евроинтегративните процеси, претседателот Артан Груби укажа дека нашата држава веќе испорачала многу и дека очекува соодветно исполнување на обврските од страна на Брисел. Во следните две години Комисијата за европски прашања ќе соработува со искусни странски и домашни експерти кои своето искуство и експертиза ќе го пренесат на пратениците и на стручните служби во Собранието.

---

Потпретседателот на Собранието, Весел Мемеди, на 01 март 2019 година оствари средба со европратениците Едуард Кукан и Кнут Флекенштајн на која ги информираше за актуелните активности поврзани со евроинтегративните процеси, донесувањето на пакетот на закони и првичната верзија на Предлог деловникот на Собранието. Со цел финализирање на конечната верзија на Деловникот, Мемеди истакна дека состаноците во рамките на дијалогот Жан Моне ќе продолжат во следните месеци. Европратениците изразија задоволство од реализацијата на дијалогот и досегашните резултати, со очекување истиот да продолжи во најскоро време.



---




Делегација на Собранието во состав: Хари Локвенец претседател на Комисијата за одбрана и безбедност, Ејуп Аљими координатор на пратеничката група на Демократската унија за интеграција; Емилија Александрова, член на Комисијата за одбрана и безбедност и надворешна политика и Ане Лашкоска член на Комисијата за надворешна политика, учествуваше на Интерпарламентарна конференција организирана од Комисијата на заедничка надворешна и безбедносна политика и Комисијата на заедничката безбедносна политика на државите членки на ЕУ што се одржа од 6 до 9 март 2019 година во Букурешт, Република Романија. „Унијата ќе докаже дека е светска сила само доколку остане силно посветена на проширувањето, како процес кој промовира заедништво и развој“, истакна Локвенец во своето обраќање на настанот.

---

На меѓународниот ден на жената 8 Март, делегација составена од претседателката на Клубот на пратенички на Собранието, Ѓулумсер Касапи, генералната секретарка на Собранието Цветанка Иванова и пратеничката Весна Дамчевска-Илиевска на покана на Комитетот за родова еднаквост присуствуваше на Десеттата седница на Парламентот на жените, во Собранието на Република Црна Гора. Претседателката на клубот Касапи укажа дека Клубот на пратенички во Собранието делува со заедничка и единствена цел - преку законски решенија да се постигне родова еднаквост и унапредување на правата на жените, нивно активно вклучување во процесот на одлучување во државата како и зајакнување и ширење на демократијата во сите сфери на македонското општество.



## ТВОЈА ЕВРОПА - ТВОЈ ГЛАС 2019

На настанот „Твоја Европа, твој глас 2019“ (YEYS) што се одржа на 21 и 22 март 2019 година во Брисел присуствуваа околу 100 ученици и 36 наставници од сите земји-членки на ЕУ и петте земји кандидати за членство во ЕУ (Албанија, Северна Македонија, Црна Гора, Србија и Турција).
Официјално настанот беше отворен на 21 март за време на пленарната сесија на Европскиот економски и социјален комитет со која претседаваше Изабел Кано, кој истакна дека Европа претставува уникатен проект и истовремено се заблагодари на наставниците, за можноста младите студенти да учествуваат во YEYS и членовите за нивната посветеност при посета на училиштата. Оваа година слоганот на младинскиот настан беше „YEYS наполни 10: Гласај за иднината!", осврнувајќи се на претстојните европски избори од 23 до 26 мај. На работилниците младите учесници разговараа за темата на настанот и подготвија 10 резолуции, кои ги презентираа на крајот од пленарната седница на Комитетот. Членовите на Комитетот со гласање извршија избор на три, односно четири резолуции со оглед на тоа дека две од резолуциите заеднички беа номинирани на третото место. Избрани се следните резлуции:
1. „Нема образование, нема гласање“. #Иднината е сега: претставува програма на ЕУ за политика и гласање за зголемување на знаењето;
2. „EU & U. ЕУ“: веб-страница за зајакнување на транспарентноста на претставничката демократија со појасна содржина која ги обезбедува сите корисни информации;
3. Ова мсто го делат резолуциите: „EUROVOTE“ - што значи привилегија со цел обезбедување пошироко учество на европските избори, вклучително и лицата со посебни потреби и постарите лица; и „Од вас до ЕУ“ - поврзување на социјалните движења со #EUelections2019: движечка сила која ги поврзува социјалните движења со политичарите.




www.eesc.europa.eu

## НОВА РАМКА ЗА ПРОВЕРКА НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

Советот на ЕУ на 5 март годинава ја одобри новата рамка за проверка на странските директни инвестиции кои доаѓаат во Европската унија.
Заснована на предлогот на Комисијата кој го претстави претседателот Јункер во својот говор за [Состојбата на Унијата 2017](), новата рамка ќе помогне да се зачува безбедноста на Европа, јавниот ред и стратешките интереси на Унијата.
Новото законодавство за воспоставување рамка за скрининг на инвестициите во ЕУ ќе стапи на сила 20 дена по објавување во Службениот весник на ЕУ. Подготовките се веќе во тек, вклучително и редовна размена на информации и најдобри практики со земјите-членки преку експертската група формирана во 2017 година. Земјите-членки и Комисијата во рок од 18 месеци треба да ги воспостават потребните аранжмани за примена на овој нов механизам.
Земјите-членки ќе може сами да одлучат дали ќе дозволат одредена инвестициска операција на нивна територија, а ќе може да побараат и мислење од Комисијата кога одредена инвестиција може да не биде во интерес на проектот или програмата која пак е од интерес на цела ЕУ, како на пр. Хоризонт 2020 или Галилео.
Неколку земји-членки на ЕУ се во процес на реформирање на механизмите за скрининг или усвојување на нови, а во моментов 14 земји-членки имаат воспоставено национални механизми за скрининг. Иако се разликуваат во нивниот дизајн и опсег, тие ја делат истата цел за зачувување на безбедноста и јавниот ред на национално ниво.
Европската унија е главната дестинација за странски директни инвестиции во светот. На крајот од 2017 година странските директни инвестиции што ги поседуваат инвеститори од трета земја во ЕУ изнесуваа 6,295 милијарди евра.



http://europa.eu

## ЦЕЛОСНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРАВИЛАТА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИ КВАЛИФИКАЦИИ

http://europa.eu

Европската комисија на 7 март 2019 година согласно Спогодбата за единствен пазар од 22 ноември 2018 година, превзеде дополнителни мерки во постапките за прекршоци против 26 земји-членки на ЕУ, заради целосно почитување на правилата на ЕУ за признавање на професионалните квалификации.
Директивата за професионални квалификации (Директива 2013/55/ЕУ) беше ажурирана во 2013 година и требаше да се транспонира во националното законодавство до 18 јануари 2016 година.
Со признавањето на професионалните квалификации во земјите на ЕУ професионалците можат да се движат преку границите и да ја практикуваат својата професија или да обезбедуваат услуги во други земји-членки.
Европската унија воспостави современ систем за признавање на професионални квалификации и искуства со правилата за признавање на професионални квалификации (Директива 2005/36 / ЕЗ, обновена со Директивата 2013/55 / ЕУ).
Комисијата испрати образложени мислења до 24 земји-членки и дополнителни формални известувања до 2 земји-членки (Естонија и Латвија) во врска со непочитување на националното законодавство и правна практика со правилата на ЕУ за признавање на професионалните квалификации.
Мислењата и дополнителните известувања опфаќаат прашања од клучно значење како што се: европска професионална картичка, механизам за предупредување, можност за делумен пристап до професионална активност, пропорционалност на јазичните барања и транспарентност и пропорционалност на регулаторните пречки.
Сите засегнати земји-членки треба да одговорат на аргументите изнесени од Комисијата во период од два месеци. Без задоволителен одговор, Комисијата може да одлучи да упати мислење до Естонија и Латвија и да ги упати другите 24 земји-членки до Судот на правдата на ЕУ.

---

## ФОРМИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИ СОВЕТ ЗА ИНОВАЦИИ




http://europa.eu

Европската комисија презема одлучувачки чекори за формирање на Европски совет за иновации (EIC) како резултат на интензивирањето на глобалната конкуренција и новите технологии. Во моментов во пилот фаза, Европскиот совет за иновации ќе стане полноправна реалност од 2021 година во рамките на следната „Хоризонт Европа“ програма на ЕУ за истражување и иновации. Советот се воведува со цел научните откритија на Европа да се претворат во брзорастечки бизниси.
На 18 март годинава Комисијата објави чекори за зајакнување на активностите на EIC кои вклучуваат: фонд во износ од над 2 милијарди евра за поддршка на напредни технологии, назначување на 20 лидери за иновации во Советодавниот одбор на EIC, ангажирање на првиот сет „менаџери на програми“ со водечка експертиза во новите технологии и дополнително избрани 68 стартапи и мали и средни претпријатија финансирани во износ од 120 милиони евра според постојниот пилот на EIC.
Комисијата предложи 10 милијарди евра од програмата Хоризонт Европа да се наменат за Советот.
Пилот фазата на Европскиот совет за иновации започна во 2017 година воведувајќи отворени натпревари и интервјуа лице-в-лице со цел да ги идентификува и финансира најиновативните компании и МСП во Европа. 1.276 високо иновативни проекти веќе имаат корист од целокупното финансирање од над 730 милиони евра.
Во јуни 2018 година, Комисијата предложи една од најамбициозните досега програми за истражување и иновации, „Хоризонт Европа“ со предлог буџет од 100 милијарди евра за периодот 2021-2027. Предлогот се базира на придонесот на Комисијата на состанокот на лидерите на ЕУ на 16-ти мај во Софија, каде ја нагласија потребата за создавање на Европски совет за иновации и потребните чекори со цел да се обезбеди европска глобална конкурентност.

## ПОДДРШКА ОД 250 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА НАВИКИ ЗА ЗДРАВА ИСХРАНА НА УЧЕНИЦИТЕ

Европската комисија на 27 март 2019 година објави Извештај од евалуацијата кој покажува дека во 2018/2019 година околу 159.000 училишта учествуваа во Европската училишна шема. За тоа време, до децата во ЕУ биле дистрибуирани 255.500 тони свежо овошје и зеленчук и 178 милиони литри млеко. За оваа намена се издвоиле повеќе од 182 милиони евра од буџетот на ЕУ.

За учебната 2019/2020 година Комисијата усвои дотации од националните буџети наменети за шемите за овошје, зеленчук и млеко во училиштата. За овошје и зеленчук резервирани се 145 милиони евра и 105 милиони евра за млеко и други млечни производи. Програмата за дистрибуција е надополнета со едукативни мерки кои ги учат децата за земјоделството и промовираат здрава исхрана.

Земјите кои сакаат да учествуваат во училишната шема на ЕУ со нивно барање за поддршка мора да ја известат Комисијата до крајот на јануари. Индикативната распределба на буџетот на ЕУ за секоја земја-членка се заснова на бројот на ученици во секоја земја. Националните власти можат да алоцираат средства (20%-25%) од буџетот. Тие можат да известат за нивната подготвеност да трошат повеќе од износот на побараната помош, ако другите земји-членки одбијат да ја преземат целосната распределба.

Изборот на дистрибуирани производи се базира на здравствени и еколошки аспекти, сезоната, сорта и достапност. Земјите-членки можат да поттикнуваат локални или регионални набавки, органски производи, синџири за снабдување со ниски цени, еколошки бенефиции и земјоделски шеми за квалитет.

Поставувањето на школската шема и главните правила за нејзина примена се регулирани со Шемата за помош во снабдување со овошје и зеленчук, банани и млеко во училиштата (Регулатива 2016/791), Регулативата за спроведување на Комисијата 2017/39 и Регулативата делегирана од Комисијата 2017/40.




http://europa.eu

---

## 4,6 МИЛИОНИ ХЕКТАРИ ОД ПОВРШИНАТА ВО ЕВРОПА СО МАСЛИНОВИ ДРВЈА

Маслиновите дрвја се познати по долговечноста, отпорни се суша и болести.Најголемиот дел од засадените маслинови дрвја се стари и зафаќаат речиси 2,5 милиони хектари од површината на ЕУ.

Помалку од 140 дрвја по хектар засадени маслинови градини опфаќаат речиси половина (46%) од вкупната површина на ЕУ во 2017 година. Уште 48% беа покриени со плантажи со засадени 140 до 399 дрвја по хектар, а останатите 5% од областа е засадена со густина од најмалку 400 дрвја по хектар.

Последните резултати од петгодишното истражување на расадниците во ЕУ укажуваат дека површината под маслинови дрвја во ЕУ учествува со околу 4,6 милиони хектари во 2017 година. Осум земји-членки на ЕУ вклучени во истражувањето имаат површини под маслинови дрвја кои го надминуваат прагот од 1.000 хектари.

Над 3/4 од вкупната површина на ЕУ под маслинови дрвја имаат Шпанија (55%) и Италија (23%), по што следат Грција (15%) и Португалија (7%). Останатите 4 земји-членки опфатени со истражувањето: Франција, Хрватска, Кипар и Словенија, заедно учествуваат со 1% од вкупната површина на маслинови дрвја во ЕУ.

bioenergyinternational.com



## ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА ВО ЕСТОНИЈА




Естонија учествува во амбициозен проект за целосна дигитализација на државната администрација. Целта на дигитализацијата на услугите е зајакнување на економскиот раст и зголемување на транспарентноста. Во време кога сите земји преминуваат кон онлајн услуги, естонскиот експеримент овозможува увид во тоа како интеракцијата со државата може да биде добра за идните генерации.
Креирана е платформа која поддржува проверка на електронскиот идентитет и електронски потписи со цел комуникацијата да се одвива без хартија како во приватниот, така и во јавниот сектор. На пр. во училиште родителите можат по дигитален пат да проверат дали нивните деца навреме ја изработиле домашната задача.
Остануваат само неколку работи кои не може да се извршат електронски - склопување брак, развод или пренесување на сопственост, бидејќи владата одлучила дека на некои поголеми случувања во животот треба лично да се присуствува.
Мнозинството Естонци даваат поддршка на овој систем, наспроти глобалната загриженост од злоупотреба на податоците. Граѓаните може да ги следат своите податоци и да имаат увид дали до нив пристапува владата или некоја приватна институција.
Платформата ја поддржува софтверот наречен X-Road, децентрализиран систем за размена на податоци кој ги поврзува базите на податоци. Излезните податоци се дигитално потпишани и шифрирани, а на дојдовните им се потврдува автентичноста и се евидентираат.
Естонија на својот пристап гледа како прототип на современата демократија.

www.cbc.ca

---

## ВИЕНСКА ИНИЦИЈАТИВА - 10 ГОДИНИ ПОДОЦНА

Иницијативата од Виена претставува мултинационален координативен модел кој беше инструмент за зачувување на финансиската стабилност во регионот. Успешните достигнувања на иницијативата во изминатите 10 години беше повод да се состанат основачите и партнерите на иницијативата на 27 и 28 март 2019 година во Виена. Иницијативата како единствен јавен-приватен форум му помогна на регионот да ја надмине најлошата глобална економска криза.
Договорот меѓу креаторите на политиките и банкарската индустрија во 2009 година обезбеди странските банки да продолжат да ја одржуваат изложеноста и да ги финансираат своите подружници во централна, источна и ЈИЕ. Редовното намалување на долгот им даде време на земјите да изградат алтернативни извори на финансирање, вклучувајќи и домашни депозити.
Иницијативата ги обединува водечките меѓународни финансиски институции (ММФ, ЕБРД, ЕИБ, Светска банка), европските институции (Европската комисија и ЕЦБ како набљудувач) домашните и централните банки на земјата-домаќин, регулаторните и фискалните власти, како и најголемите банкарски групи во ЕУ.
Иако економскиот раст во регионот останува на вистинскиот пат, ризици сè уште постојат (глобални трговски тензии, континуирана геополитичка нестабилност, висок корпоративен долг).
Светската банка и ММФ ја претставија еволуцијата на регулаторните и супервизорските пристапи, како и важноста на ефективноста. Посебно внимание беше посветено на достапноста на одржливите финансии во регионот.
Со цел решавање на преостанатите и идните предизвици како што се регулаторната реформа и продлабочување на финансиската интеграција, Иницијативата ќе ја продолжи координацијата со креаторите на политики и банкарите.

www.eib.org

## ФРАНЦИЈА ВОВЕДУВА ДАНОК ЗА ГЛОБАЛНИТЕ ТЕХНОЛОШКИ ГИГАНТИ

Министерот за финансии на Франција, Бруно Ле Мер на редовната владина седница на 6 март година го претстави нацрт-законот за воведување данок на францускитe приходи за интернет гигантите како што се Гугл, Амазон и Фејсбук. Според предлогот, данокот ќе изнесува 3% од остварениот приход во Франција за дигиталните компании чијашто продажба надминува 750 милиони евра на глобално ниво и над 25 милиони евра во Франција. „Ако овие два критериуми не се исполнети, данокот нема да се наметне“, истакна Ле Мер. Се очекува новиот данок во буџетот на Франција да обезбеди дополнителни 500 милиони евра годишно.

Интернет гигантите според европското законодавство имаат право на избор во пријавувањето на своите приходи во која било земја-членка на ЕУ. Најчесто избираат земји каде даноците се пониски како што се Ирска, Холандија и Луксембург.

Пониските даноци се причина за незадоволство во многу европски земји, но ЕУ останува поделена околу изнаоѓањето решение по ова прашање. Ирска која е седиште на неколку американски технолошки гиганти е предводена од мала група главно нордиски земји кои веруваат дека новиот данок ќе резултира со одмазда против европските компании во САД. Германија е загрижена дека споредувањето на дигиталниот данок може негативно да влијае на извозот во САД. Велика Британија, Шпанија и Италија работат на националните верзии за дигитално оданочување.

Во меѓувреме, креаторите на политики ширум светот размислуваат како да ги оданочуваат онлајн гигантите кои доминираат во нивните сектори, но кои често ги пријавуваат приходите и профитот во даночните јурисдикции со цел да ги намалат даночните сметки.

Шефот на Гугл во Франција, Себастиен Мисоф укажа на потешкотии во проценката колку една земја може да добие од рекламирање низ целиот свет. Портпаролот на Фејсбук изјави дека од 2018 година сите приходи од реклами собрани од француски клиенти, се регресираат како француски приходи.

Предлогот за одданочување е претставен во време кога владата бара начин да воведе финансиско олеснување со кое би се ублажиле протестите на „жолтите елеци“ кои траат веќе три месеци.

www.expatica.com

---

*ЕУ КАЛЕНДАР / април 2019*

*1. Конференција посветена на 15 годишнината од проширувањето на ЕУ, 08-09/04/2019, Виена и Братислава;*
*2. Конференција “Одржлива Европа 2030”- 08/04/2019, Брисел, Белгија;*
*3.Седница на Советот на ЕУ за надворешни работи, 08/04/2019, Луксембург;*
*4. Петти меѓурегионален форум за соработка, 10/04/2019, Брисел, Белгија;*
*5. Пленарна сесија на Европскиот парламент, 15-18/04/2019, Стразбур;*
*6.Пленарна сесија (134) на Европскиот комитет на региони, 10/04/2019, Брисел.*



СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО


Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk


*Во Собранието на Република Северна Македонија беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот јануари 2011-јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организационо е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




